На отворањето на фестивалот, во сабота (21-ви мај) ќе се претставаат поетите финалисти избрани од жири комисијата на чело со претседателот Бранко Цветкоски. Наградите ќе бидат доделени во недела (22-ри мај) на свечена манифестација.

Четиринаесетте финалисти беа избрани во конкуренција на 125 поети од земјава и повеќе балкански земји. Тоа се поетите: Исток Улчар, Наташа Василевска Трајчевска, Митре Мангоски Радождански, Неврij Адеми, Надица Тренчева, Слаѓана Ставрева, Константин Карев, Ивана Китаноска, Валентина Трајкоска, Маријана Давиткова, Митко Гогов сите од Македонија како и Вања Савова, Катја Вангелова, Пламен Димитров Парнарев од Бугарија.

„Годинашната поетска жетва, најригорозниот, би рекол златниот одбир на гостиварскиот и меѓународен фестивал „Литературни Искри“ се одликува со суптилна тематска архитектоника, со разнородна но високо мотивирана стилска изведба, со бројни микропоетички градации на темите на современата личност загледана и упатена кон големите очекувања, пресвртите и жестокостите на животот, со уверлива експонажа на внатрешната устројба на песните“, пишува во својот осврт претседалот на жири комисијата, поет, критичар и есеист Бранко Цветкоски.

Поетскиот фестивал „Литературни искри“ го организира Центарот за култура АСНОМ од Гостивар во чест на 24 мај, денот на сесловенските просветители.

Настанот е поддржан од Министерството за култура. Дел од поетите кои учествуваа на конкурсот по избор на жирито ќе бидат застапени во заеднички алманах, кој ќе се промовира на манифестацијата.


МЕЃУНАРОДЕН
ПОЕТСКИ
фестивал
Литературни Искри
Гостивар 2016